# ОБУКА НА ОБУЧУВАЧИ

## ,, ПРИМЕНА НА ОПШТА КОГНИТИВНА ПРОГРАМА И КРАТКА АЛАТКА ЗА СКРИНИНГ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИ УСТАНОВИ"

Управата за извршување на санкциите во рамки на ИПА 2009 Проектот ,,Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица" на 13, 14 и 15 јануари 2015 година во Охрид организираше тродневна обука на обучувачи за примена на Општата когнитивна програма и кратката алатка за скрининг на осудени лица во казнено-поправни установи.

На обуката присуствуваа претставници од Управата за извршување на санкциите и единаесет вработени во секторот за ресоцијализација од казнено-поправните установи.

Учесниците имаа можност да се запознаат со основните концепти на когнитивно-бихејвиоралната терапија, да стекнат вештини за водење на групна работа и вештини за примена на кратката алатка за скрининг на осудени лица. Посебно значење се даде на стекнување на вештините на персоналот за подготвување и водење на сесиите од Програмата.

Оваа обука на обучувачи ќе овозможи натамошна примена на Програмата преку спроведување на Пилот проект во една казнено-поправна установа, како и натамошни обуки на затворски персонал, пред се вработени од секторот за ресоцијализација.